Република Македонија
НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ
Republika e Maqedonisë
AVOKATI I POPULLIT
Republic of Macedonia
OMBUDSMAN

ул. Македонија бр. 19 1000, Скопје
тел./факс 023129335 ;
email: contact@ombudsman.mk

НП бр.**1585/17**
**29.06.2017** год.
**Скопје**

**До**
**Влада на Република Македонија**
**лично до Претседателот на Владата г. Зоран Заев**

**Бул."Илинден" бр.2**
**Скопје**

**ПРЕДМЕТ: Иницијатива за измена и дополнување на Законот за вонпарнична постапка („Службен весник на РМ" бр. 9/2008) - за разгледување и заземање став на седница на Владата**

До Народниот правобранител со барање за иницирање на измена на закон се обрати Здружението на просветни работници за заштита на правата на жените и децата „ЛИЛ" од Скопје.

Оваа иницијатива се однесува на **Законот за вонпарнична постапка со предлог истиот да биде дополнет со нова глава - Постапка за утврдување на време и место на раѓање, со што ќе се надминат проблемите со незапишаните лица во матичната книга на родени.**

Во досегашното работење Народниот правобранител во различни области го согледува проблемот и тешкотиите на лицата кои не се запишани во матичната книга на родените, односно на лицата кои се без правно признат идентитет, лично име и презиме, адреса на живеење и ЕМБГ.

Притоа, граѓаните кои поднесуваат барање за дополнителен упис во матичната книга на родени поради неможноста да ги достават потребните документи како доказ за утврдување на времето и местото на раѓање имаат ограничен пристап и се онезвоможени во остварувањето на правата утврдени со Уставот на РМ, како што се правото на образование, правото на социјална заштита, правото на здравствена заштита и здравствено осигурување, правото на работа и др, со што како ранлива категорија дополнително се изложени на социјален и здравствен ризик, со сериозни последици по нивното егзистирање и

здравје.

Во врска со овој проблем чие разрешување се предлага со горенаведената иницијатива Народниот птравобранител смета за потребно да го посочи документот насловен „Како да се олесни пристапот до здравствената заштита за лицата од ромска етничка припадност во РМ чие раѓање не е запишано во матичната книга на родените“ кој е подготвен од погоре споменатата невладина организација.

Според овој документ, кој се приложува кон оваа иницијатива, во Република Македонија во моментот живеат 750-800 лица чие раѓање не е запишано во матичната книга на родени. Најголем дел (повеќе од 90%) од оваа група граѓани се припадници на ромската заедница, меѓу кои голем е бројот на деца, кои во управна постапка пред надлежниот орган за водење на матичната евиденција се соочуваат со тешкотии да презентираат документ за времето и местото на раѓање, односно поради неможноста да достават таков доказ остануваат незапишани во матичната книга на родени.

Имајќи ги предвид овие причини **Народниот правобранител смета дека со востановување на посебна глава -Постапка за утврдување на време и место на раѓање во Законот за вонпарнична постапка може да се очекува надминување на проблемите со незапишаните лица во матичната книга на родени**.

Имено, со законската измена на постојниот закон би се уредиле прашањата на поведувањето на постапката, прибавувањето на известувањата за лицата, судското рочиште и изведувањето на доказите, донесувањето на одлуката и нејзиното доставување до управата за водење на матична евиденција, заради спроведување на постапката за упис.

Исто така, со измената на Законот за вонпарнична постапка би требало да се определи и рокот во кој судот ќе ја донесе одлуката, како и можноста за ослободување од судски такси на овие лица.

Имајќи го предвид изнесеното, со цел да се надмине проблемот со незапишаните лица во матичната книга на родени и да се овозможи овие лица да ги уживаат основните човекови права **Народниот правобранител, согласно член 30 став 1 од Законот за народниот правобранител ја доставува оваа иницијатива до Владата на Република Македонија и предлага истата да ја разгледа на своја седница и да ги задолжи Министерството за правда да подготви измена и дополнување на Законот за вонпарнична постапка.**

**Исто така, измената и дополнувањето на Законот за вонпарничната постапка ќе ја наметне потребата од соодветно правно уредување и на Законот за матична евиденција, во делот на запишувањето на лице за родени, на начин што ќе се предвиди и основот - запишување врз основа на судска одлука.**

За постапувањето по оваа иницијатива потребно е да го известите Народниот правобранител во рок од 30 дена, согласно член 34 од Законот за

народниот правобранител.

**Прилог: Документ-„ Како да се олесни пристапот до здравствената заштита за лицата од ромска етничка припадност во РМ чие раѓање не е запишано во матичната книга на родените“**

**Изработиле: Д.Ц/ВБМ**

**НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ**
**Иџет Мемети**